План за спроведување на проценка на влијание на регулативата

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на закон за изменување на Законот за хартии од вредност |
| Министерство: | Министерство за финансии |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Ленче Тагасовска<br>lence.tagasovska@finance.gov.mk<br>02/3106-746 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | __.__. 2013 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Нема |

Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?

Со Предлог законот за измена и дополнување на Законот за трговски друштва се овозможува постоечки акционер кој што дал заем на трговското друштво кое е во целосна негова сопственост, или заемот го дало друго трговско друштво кое е основано и е во целосна сопственост на акционерот, да може да се трансформира во влог во друштвото во постапка за зголемување на основната главнина.

Со цел усогласување на Законот за хартии од вредност со измената на Законот за трговски друштва, односно за да се овозможи запишување на заемот на содружникот, односно постоечкиот акционер како влог во акционерското друштво на кое тој го дал заемот, потребно е да се измени Законот за хартии од вредност, поточно да се прошири дефиницијата за приватна понуда. Проширувањето на дефиницијата за приватна понуда е со цел да се овозможи на постоечи акционер заемот кој го дал во друштвото да може да го трансформира во влог во друштвото во постапка за зголемување на основната главнина на друштвото.

Согласно постојната законска регулатива финансиските извештаи на Комисијата за хартии од вредност се изготвуваат во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување и се ревидирани од овластен ревизор. Во досегашниот период сметководтсвената евиденција на Комисијата се водеше со користење на сметководствени услуги од сметководтсвено биро. Во моментов, започнати се активности за комплетно преземање на водењето на сметководтсвото во Комисијата. За таа цел со измената на законот се врши доуредување на начинот на изготовка на финансиските извештаи на Комисијата за хартии од вредност.

Централниот депозитар за хартии од вредност согласно постојната регулатива има обврска еднаш месечно да објавува список на физички и правни лица кои поседуваат над 5% хартии од вредност на акционерско друштво со посебни обврски за известување. Со измените на Законот за хартии од вредност од јануари 2013 година, со кој се воведе задолжителната котација на акционерските друштва, сите друштва кои преминаа на задолжителна котација се избришаа од регистарот на друштва со посебни обврски за известување. Со намалување на бројот на акционерските друштва со посебни обврски за известување се намали бројот на акционерските друштва за кои депозитарот објавува списоци за физички и правни лица за поседување на над 5% хартии од вредност. Со цел зголемување на транспарентноста на пазарот на хартии од вредност, се предлагаат измени на Законот за хартии од вредност со кои Централниот депозитар се обврзува еднаш неделно да објавува на својата веб страна список на физички и правни лица кои поседуваат над 5% хартии од вредност не само на акционерските друштва со посебни обврски за известување туку и на акционерските друштва кои котираат на берза.

Понатаму, со измената се предлага во делот кој се однесува на обврската за известување за зделки со заинтересирана страна, известувањето да биде за зделки со заинтересирани страни кои изнесуваат 10% и повеќе наместо досегашното законско решение со кое беше предвидено да се известува за зделки кои надминуваат 10% од вредноста на активата на друштвото.

Исто така, постапувајќи по Заклучокот од 158-та седница на Владата на Република Македонија со кој се задолжуваат сите министерства да подготват измени на законите во нивна надлежност во насока на усогласување на законите со Законот за прекршоци се предлагаат измени на Законот за хартии од вредност. Усогласувањето е во делот на постапката за спогодување и можноста за поднесување на жалба против решенијата на прекршочниот орган до новоформираната Државната комисија за одлучување во втор степен во обласа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Опција 1: Не прави ништо. Опцијата “не прави ништо” се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline). Ова не е прифатлива опција бидејќи со одбирањето на оваа опција нема да се постигне целта, односно усогласување на Законот за хартии од вредност со измената на Законот за трговски друштва како и синхронизација на постоечкиот Закон за хартии од вредност со Законот за прекршоците.
Исто така, Централниот депозитар ќе известува за многу мал број на друштва како резултат на намалувањето на бројот на акционерски друштва со посебни обврски

за известување поради нивно преоѓање на задолжителна котација на Македонската берза.

Опција 2: Донесување на Предлог-Закон за изменување на Законот за хартии од вредност со цел усогласување на Законот за хартии од вредност со измената на Законот за трговски друштва, во поглед на дефинирањето на приватната понуда, како и синхронизација на постоечкиот Закон за хартии од вредност со измените кои ги предизвика Законот за прекршоците и проширување на обврската на Централниот депозитар за хартии од вредност да објавува на својата веб страна список на физички и правни лица кои поседуваат над 5% хартии од вредност не само на акционерските друштва со посебни обврски за известување туку и на котираните друштва.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Засегнати страни со Законот се: Трговските друштва, Комсијата за хартии од вредност и субјектите на кои согласно Законот за хартии од вредност може да им се изречат прекршочни санкции.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Предлог текст на Законот за прекршоците.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Не се потребни дополнителни информации.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Ќе се спроведе иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

не

Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

Активностите за РИА ќе почнат во ___________________ година

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

не е потребно вклучување на надворешни консултанти

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

__.__. 2013 година

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

Спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ќе се врши од страна на редовно вработените во Министерството за финансии надлежни за регулативата за пазарот на капитал во рамки на нивните редовни работни обврски.

Иницијална проценка на влијание на регулативата

Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. Опис на проблемите

Согласно Законот за хартии од вредност кој е во сила, приватната понуда за запишување на акции може да се упати на не повеќе од 20 лица кои не се акционери во акционерското друштво и кои не се поврзани лица со акционерите во акционерското друштво.

Со последната измена на Законот за трговски друштва, се овозможува заемот на содружникот, односно акционерот кој го дал на трговското друштво кое е во целосна негова сопственост, да се трансформира во влог во друштвото во постапка на зголемување на основната главнина на друштвото. За да се овозможи оваа постапка на трансформација на заемот во влог во друштвото потребно е во Законот за хартии од вредност да се измени дефиницијата за приватна понуда со што ќе се овозможи трговското друштво да може да упати приватна понуда и до постоечки акционер.

Со измените на Законот за хартии од вредност од јануари 2013 година, со кој се воведе задолжителната котација на акционерските друштва, сите друштва кои преминаа на задолжителна котација се избришаа од регистарот на друштва со посебни обврски за известување. Со намалување на бројот на акционерските друштва со посебни обврски за известување се намали бројот на акционерските друштва за кои депозитарот објавува списоци за физички и правни лица за поседување на над 5% хартии од вредност.

Поради тоа, а со цел зголемување на транспарентноста на пазарот на хартии од вредност, се предлагаат измени на Законот за хартии од вредност со кои Централниот депозитар се обврзува еднаш неделно да објавува на својата веб страна список на физички и правни лица кои поседуваат над 5% хартии од вредност не само на акционерските друштва со посебни обврски за известување туку и на акционерските друштва кои котираат на берза.

Понатаму, со измената се предлага во делот кој се однесува на обврската за известување за зделки со заинтересирана страна, известувањето да биде за зделки со заинтересирани страни кои изнесуваат 10% и повеќе наместо досегашното законско решение со кое беше предвидено да се известува за зделки кои надминуваат 10% од вредноста на активата на друштвото.

Потребата од изменување на Законот за хартии од вредност се наметна и заради потребата за усогласување на постојниот закон со новиот закон за прекршоците во делот на постапката за спогодување и можноста за поднесување на жалба против решенијата на прекршочниот орган до новоформираната Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Донесувањето на Предлогот на закон за изменување на Законот за хартии од вредност е со цел усогласување на дефиницијата за приватна понуда во Законот за хартии од вредност со Предлог законот за измена на Законот за трговски друштва, со кој се дава можност заемот од основачот на друштвото кој е и стопостотен сопственик да се трансформира во влог во друштвото во постапка на зголемување на основната главнина на друштвото. Исто така, се врши доуредување на начинот на изготовка на финансиските извештаи на Комисијата за хартии од вредност, заради префрлање на водењето на сметководтсвото на Комисијата од сметководтсвено биро во рамки на Комисијата.

Понатаму, со измената на законот се предлага да се изврши измена на Законот за хартии од вредност со која Депозитарот ќе објавува на својата веб страна список од секое физичко и правно лице кое поседува над 5% од која било класа на хартии од вредност вредност не само на акционерските друштва со посебни обврски за известување туку и на акционерските друштва кои котираат на берза.

Постапувајќи по Заклучокот од 158-та седница на Владата на Република Македонија со кој се задолжуваат сите министерства да подготват измени на законите во нивна надлежност во насока на усогласување на законите со Законот за прекршоци се предлагаат и измени на Законот за хартии од вредност. Усогласувањето е во делот на постапката за спогодување и можноста за поднесување на жалба против решенијата на прекршочниот орган до новоформираната Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

3. Идентификација на можни решенија (опции)

Опција 1: Не прави ништо. Опцијата “не прави ништо” се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline). Ова не е прифатлива опција бидејќи со одбирањето на оваа опција нема да се постигне целта, односно усогласување на Законот за хартии од вредност со измената на Законот за трговски друштва како и синхронизација на постоечкиот Закон за хартии од вредност со Законот за прекршоците.
Исто така, Централниот депозитар ќе известува за многу мал број на друштва како резултат на намалувањето на бројот на акционерски друштва со посебни обврски за известување поради нивно преоѓање на задолжителна котација на Македонската берза.

Опција 2: Донесување на Предлог-Закон за изменување на Законот за хартии од вредност со цел усогласување на Законот за хартии од вредност со измената на Законот за трговски друштва, во поглед на дефинирањето на приватната понуда, како и синхронизација на постоечкиот Закон за хартии од вредност со Законот за

прекршоците и проширување на обврската на Централниот депозитар за хартии од вредност да објавува на својата веб страна список на физички и правни лица кои поседуваат над 5% хартии од вредност не само на акционерските друштва со посебни обврски за известување туку и на котираните друштва.

Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија

Предложено решение (опција):
Опција 2, односно донесување на Предлог закон за изменување на Законот за хартии од вредност.

Опис:

Основни решенија на предложениот Закон за изменување на Законот за хартии од вредност се:

- проширување на дефиницијата за приватна понуда,
-уредување на начинот на изготовка на финансиските извештаи на Комисијата за хартии од вредност, заради префрлање на водењето на сметководтсвото на Комсијата од сметководтсвено биро во рамки на Комисијата,
- проширување на обврската на Централниот депозитар за хартии од вредност да објавува на својата веб страна список на физички и правни лица кои поседуваат над 5% хартии од вредност не само на акционерските друштва со посебни обврски за известување туку и на котираните друштва,
-утврдување на износот на зделки со заинтересирана страна на 10% и повеќе од активата на друштвото,
-уредување на постапките на спогодување и
-воведување на можност за поднесување на жалба против решенијата на прекршочниот орган до новоформираната Државната комисија за одлучување во втор степен во обласа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

1. Трошоци
- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните и физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

Предложеното решение не предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните и физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластуваа, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата и другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

Предложеното решение нема да предизвика иницијални трошоци за министерствата и другите органи на државната управа.

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за министерствата и другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

Предложеното решение нема да предизвика оперативни трошоци за министерствата и другите органи на државната управа.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

Предложеното решение нема да предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица.

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

Предложеното решение нема да предизвика континуирани трошоци за правните или физичките лица.

2. Придобивки

Со донесувањето на Предлог законот за изменување на Законот за хартии од вредност се воведува правен основ за давање на можност на домашно и странско, физичко и правно лица, заемот кој го дало на друштвото во кое е стопостотен сопственик, да може да го трансформира во влог во друштвото, согласно одредбите од Законот за трговските друштва. Имено, ќе се овозможи трансформацијата на заемот во влог во акционерското друштво, наместо по пат на јавна понуда да може да се запише преку приватна понуда.

Исто така, со донесувањето на измените на Законот за хартии од вредност, Централниот депозитар се обврзува еднаш неделно да објавува на својата веб страна список на физички и правни лица кои поседуваат над 5% хартии од вредност не само на акционерските друштва со посебни обврски за известување туку и на акционерските друштва кои котираат на берза. Со тоа ќе се зголеми на транспарентноста на пазарот на хартии од вредност.

Понатаму, со донесувањето на Предлогот на закон ќе се постигне и усогласување со Законот за прекршоците.

3. Ризици и претпоставки

Во случај на недонесување на предлог законот нема да се постигне целта, а тоа е усогласување на Законот за хартии од вредност со измената на Законот за трговски друштва и со новиот закон за прекршоци. Исто така, Централниот депозитар ќе известува за многу мал број на друштва како резултат на намалувањето на бројот на акционерски друштва со посебни обврски за известување поради нивно преоѓање на задолжителна котација на Македонската берза.

4. Останати влијанија

| Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата | Резултати приложени во материјалот | Резултати приложени во прилог |
|---|---|---|
| Влијание врз национална конкурентност | ДА / <u>НЕ</u> | ДА / <u>НЕ</u> |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | ДА / <u>НЕ</u> | ДА / <u>НЕ</u> |
| Влијание врз животната средина | ДА / <u>НЕ</u> | ДА / <u>НЕ</u> |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | ДА / <u>НЕ</u> | ДА / <u>НЕ</u> |
| Влијание врз правата на граѓаните | ДА / <u>НЕ</u> | ДА / <u>НЕ</u> |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | ДА / <u>НЕ</u> | ДА / <u>НЕ</u> |

Чекор 3: Консултации

Направени се консултации и усогласени се ставовите со Министерството за правда.

Резиме на иницијалната проценка на влијание на регулативата

1. Краток осврт на преферираното решение/опција:

Со Предлог законот за измена и дополнување на Законот за трговски друштва се овозможува постоечки акционер кој што дал заем на трговското друштво кое е во целосна негова сопственост, или заемот го дало друго трговско друштво кое е основано и е во целосна сопственост на акционерот, да може да се трансформира во влог во друштвото во постапка за зголемување на основната главнина.

Со цел усогласување на Законот за хартии од вредност со измената на Законот за трговски друштва, односно за да се овозможи запишување на заемот на содружникот, односно постоечкиот акционер како влог во акционерското друштво на кое тој го дал заемот, потребно е да се измени Законот за хартии од вредност, поточно да се прошири дефиницијата за приватна понуда. Проширувањето на дефиницијата за приватна понуда е со цел да се овозможи на постоечи акционер заемот кој го дал во друштвото да може да го трансформира во влог во друштвото во постапка за зголемување на основната главнина на друштвото.

Согласно постојната законска регулатива финансиските извештаи на Комсијата за хартии од вредност се изготвуваат во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување и се ревидирани од овластен ревизор. Во досегашниот период сметководтсвената евиденција на Комисијата се водеше со користење на сметководствени услуги од сметководтсвено биро. Во моментов, започнати се активности за комплетно преземање на водењето на сметководтсвото во Комисијата. За таа цел со измената на законот се врши доуредување на начинот на изготовка на финансиските извештаи на Комисијата за хартии од вредност.

Централниот депозитар за хартии од вредност согласно постојната регулатива има обврска еднаш месечно да објавува список на физички и правни лица кои поседуваат над 5% хартии од вредност на акционерско друштво со посебни обврски за известување. Со измените на Законот за хартии од вредност од јануари 2013 година, со кој се воведе задолжителната котација на акционерските друштва, сите друштва кои преминаа на задолжителна котација се избришаа од регистарот на друштва со посебни обврски за известување. Со намалување на бројот на акционерските друштва со посебни обврски за известување се намали бројот на акционерските друштва за кои депозитарот објавува списоци за физички и правни лица за поседување на над 5% хартии од вредност. Со цел зголемување на транспарентноста на пазарот на хартии од вредност, се предлагаат измени на Законот за хартии од вредност со кои Централниот депозитар се обврзува еднаш неделно да објавува на својата веб страна список на физички и правни лица кои поседуваат над 5% хартии од вредност не само на акционерските друштва со посебни обврски за известување туку и на акционерските друштва кои котираат на берза.
Понатаму, со измената се предлага во делот кој се однесува на обврската за известување за зделки со заинтересирана страна, известувањето да биде за зделки со заинтересирани страни кои изнесуваат 10% и повеќе наместо досегашното законско решение со кое беше предвидено да се известува за зделки кои надминуваат 10% од вредноста на активата на друштвото.

Исто така, постапувајќи по Заклучокот од 158-та седница на Владата на Република Македонија со кој се задолжуваат сите министерства да подготват измени на законите во нивна надлежност во насока на усогласување на законите со Законот за прекршоци се предлагаат измени на Законот за хартии од вредност.

Усогласувањето е во делот на постапката за спогодување и можноста за поднесување на жалба против решенијата на прекршочниот орган до новоформираната Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

2. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:

Виолета Стојановска-Петровска, Ленче Тагасовска, Орнела Трајкоска Пендевска.

3. Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:

Изјава од министерот
за иницијалната проценка на влијание на регулативата

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлогот за донесување на закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Има / **Нема влијание** | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Има / **Нема влијание** | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија |
| 3. | Има / **Нема влијание** | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар |
| 4. | Има / **Нема влијание** | врз економијата и врз обемот на државна помош |
| 5. | Има / **Нема влијание** | врз животната средина |
| 6. | Има / **Нема влијание** | врз социјалната положба на граѓаните |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | **ДА** / НЕ |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА/НЕ |
| 9. | Предлогот за донесување на закон е лекториран. | ДА/**НЕ** |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА/**НЕ** |
| 11. | Дали предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка? | ДА/**НЕ** |
| 12. | Доколку предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | ДА/**НЕ** |

**Изјава од Заменик Претседател на Влада и Министер за финансии**

Јас, Зоран Ставрески, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанија на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада и
Министер за финансии

Датум:___.___.2013 година

Изготвил: Орнела Трајкоска Пендевска
Контролирал: Ленче Тагасовска
Одобрил: Виолета Стојановска Петровска
Согласен: Наташа Стојмановска